ООУ Дебрца

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ**

**На ученици кои ќе следат настава со физичко присуство во услови на КОВИД-19**

1. Влегувај низ точно определен влез (означен за секое одделение)

2. Излегувај низ точно определен излез (означен за секое одделение)

3. Во училиште доаѓај во точно определеното време (означен за секое одделение)

4. Секогаш носи заштитна маска/покривка на лицето

5. Редовно дезинфицирај ги рацете и обувките при влез и излез во училиштето и училниците

6. Запазувај го правецот на движење и одржувај минимум потребно растојание од 1.5 метар

7. Кога чекаш ред пред и внатре во училиштето секогаш одржувај го потребното растојание од минимум 1,5 метри

8. Дежурниот наставник на влезот е тука за тебе за да ти помогне кога е потребно

9. Пред влезот на училиштето ќе ти се мери температура со безконтактен топломер

10. Во училница запазувај го потребното растојание од минимум 1,5 метри

11. Се забранува поздравување со физички контакт меѓу сите во училиштето

12. Во училница секогаш седнуваш на твоето столче кое наставникот го определил

13. Во тоалетот запазувај го правецот на движење и одржувај минимум потребно растојание од 1.5 метар , кога чекаш ред пред тоалетот  секогаш одржувај го потребното растојание од минимум 1,5 метри и редовно миј  ги рацете пред и по употреба на тоалетот

14. Отпадокот фрлај го во корпа за отпадоци

15. Носи оброк/храна од дома

16.Оброкот консумирај го во училницата во која учиш и само тогаш ти е дозволено да ја извадиш маската/прекривката од лице во училница

17. Миј ги рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет , пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани

18. Доколку наставата се реализира на отворено во училишниот двор , можеш да не ја носиш маската на лицето, но мораш да го почитуваш задолжителното растојание

19. Секогаш носи го потребниот прибор за работа , така стануваш одговорен ученик. Својот прибор го користиш само ти

20. Другарството покажи го со збор , потсетување, пофалба  и давање совет

21. Не се задржувај по ходниците на училиштето и не влегувај во други училници

22. Доколку не се чувствуваш добро веднаш информирај го наставникот и придржувај се кон неговите насоки

23. Доколку ти падне маската, не ја ставај на лице повторно, туку замени ја со нова. Маската не ја менувај со своето другарче. Не ја носи маската неправилно (под брада, со непокриен нос)

24. Маската ја вадиш само кога јадеш или пиеш. Тогаш ја ставаш во чиста кесичка која треба да стои во твојот ранец

25. Не се допирај со рацете по лицето

26. Не го допирај другарчето

27. Почитувајќи ги правилата и мерките за заштита ти се грижиш за своето здравје, за здравјето на другарчето, семејството и наставниците

ООУ Дебрца

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

## На ученици кои ќе следат настава со физичко присуство за време на мали и големи одмори во услови на КОВИД-19

1. Малиот одмор трае 5 минути, тоа е време кога се подготвуваш за следниот час, ги менуваш книгите, внимателно да не ти паднат на подот

2. Секогаш носи заштитна маска/покривка на лицето

3. Големиот одмор трае 15 минути, тоа е време кога можеш да јадеш и да разговараш со другарчињата со одржување на соодветно растојание

4. Миј ги рацете пред и по јадење

5. Во училница сите го запазуваме потребното растојание од минимум 1,5 метри

6. Носи оброк/храна од дома. Ужинката е во училница , секој на своето место и само тогаш ја вадиш маската/покривката и ја ставаш во чиста кесичка која треба да стои во твојот ранец

7. Во училница секогаш седнуваш на твоето столче кое наставникот го определил

8. Не го допирај другарчето

9. Во тоалетот запазувај го правецот на движење и одржувај минимум потребно растојание од 1.5 метар , кога чекаш ред пред тоалетот секогаш одржувај го потребното растојание од минимум 1,5 метри и редовно миј ги рацете пред и по употреба на тоалетот.

10. Отпадокот фрлај го во корпа за отпадоци

11. Училницата не е место каде што се трча

12. Тоалетот користи го само кога навистина мораш и одиш сам

13. Кога се движиш низ ходниците следи ги насоките за движење и одржувај го потребното растојание

14. Дезинфицирај ги рацете пред влегување во училница и при излегување од училница

ООУ Дебрца

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

## На ученици кои ќе следат настава со настава од далечина во услови на КОВИД-19

1. Учениците се должни навреме да се вклучат на националната платформа и да ја следат наставата по предвидениот распоред

2. Пред вклучување на часот ученикот пред себе треба да го има потребниот прибор за следење на истиот

3. Присуство на часовите од далечина е задолжително и истото ќе се евидентира

4. Ученикот е совесен, одговорен и пристојно изгледа

5.Ученикот не користи непристојни зборови, не се однесува насилно и не врши психичко малтретирање на учениците и наставникот кој го држи часот

6. Секоја непримерна онлајн комуникација и објавување на непримерни содржини
ќе биде санкционирана согласно Законот за основно образованиеи интерните акти на училиштето

7. Учениците се одговорни за сé што пишуваат, објавуваат или коментираат

8.Ученикот покажува грижа и почит кон наставниците и учениците

ООУ Дебрца

9. Ученикот го кажува своето мислење, но го слуша и почитува и туѓото мислење кое може да биде различно од неговото

10. Ученикот ги исполнува своите училишни задолженија навремено

11. Ученикот е внимателен и активен на часовите

12. Ученикот не смее да разговара на телефон за време на час

13. Ученикот не смее да јаде и џвака гума за џвакање за време на часот

14.Ученикот го прекинува следењето на часот само од оправдани причини, со добиена дозвола од наставникот

15.Ученикот ја користи паузата помеѓу часовите за подготовка за наредниот час и за извршување на своите потреби

16. Доколку ученикот има проблем со логирање или други проблеми во врска вклучувањето во наставата со учење на далечина, го известува за тоа наставникот преку телефон, смс порака или порака преку друга апликација која ја користат за меѓусебна комуникација

ООУ Дебрца

## Куќен ред на училиштето во услови на КОВИД-19

- Наставата во училиштето за сите одделенија започнува во 08:00 часот;
- Учениците се должни да доаѓаат научилиште по претходно добијан распоред за влез во училишната;
- Во училиштето се влегува строго со заштитна маска, марама и сл.
- Строго се забранува поздравување и групирање во групи во ходниците и училишниот двор;
- Дежурните наставници ги пречекуваа учениците и им мерат температура;
- Техничкиот персонал (назначето одговорно лице) е должно за време на часовите/наставата да го контролира влезот
- Дежурните наставници се грижат за редот во училиштето согласно протоколите за време на малите и големите одмори;
- Наставничката канцелираја ја користат само наставниците, а не и родителите и учениците;
- Одговорни за училишниот инвентар се дежурните ученици, одделенските и предметните наставници;
- Одговорни за фискултурната сала, соблекувалните и просторот пред салата се дежурните ученици и наставниците по физичко и здраствено образование;
- Движиње во ходниците без трчање, скокање, туркање и држење дистанца;
- Дежурните наставници редовно го извршуваат дежурството во ходниците, според распоредот даден од стручната служба и директорот;

- Учениците треба своите лични работи да ги носата со себе и тие се одговорни за истите;
- Секоја намерно направена штета се наплатува;
- За секоја направена штета во училницата или училиштето воопшто, штетата ќе се надохнади од страна на сторителот или цело одделение во двојна сума од цената на вредноста на оштетениот предмет;
- Строго е забрането шкртање по ѕидовите, во било кој дел на училиштето;
- Никој од субјектите во училиштето несмее да го уништува имотот во училиштето, да внесува лица од надвор без причина и да внесува супстанции (дрога, алкохол, запаливи средства и други предмети) со кои би го загрозил здравјето и безбедноста на учениците и вработените;
- Забрането е пушење во училиштето и училишниот двор;
- За замена на часови, наставникот треба навреме да го извести директорот;

- Секој вработен е должен за своето отсуство да го извести директорот;
- Промена на дневниот распоред на часови поради отсуство на наставник, го прави дежурниот наставник и стручната служба;
- Родителите ќе се примаат само во одредени термини кај одделенските и предметните наставници, а кај стручната служба според условите и потребите;
- Не е дозволено наставниците да излегуваат од час и да разговараат со родителите;

ООУ Дебрца

- Наставниците треба да ги известат учениците за термините за одржување на додатна и дополнителна настава и за слободни ученички активности;
- Вработените, учениците и родителите треба во училиштето да доаѓаат пристојно облечени;
- Учениците, наставниците не треба да го злоупотребуваат носењето на мобилните телефони за време на наставата;
- Хигиеничарите секојдневно да се грижат за навремено ѕвонење на часовите и да создадат чиста и безбедна средина за учење
- После секој мал одмор и голем одмор да се дезинфицираат санитарните јазли;
- После секој час по Физичко и здраствено образование да се проветри спортската сала и дезинфицира;
- После завршување на наставата техничкиот персонал го чисти темелно училиштето;

**Септември ,2020**

**Директор**

**Билјана Славевска**